МОНОГРАФИЈА И РЕТРОСПЕКТИВА ВО МСУ

# Ацо Рембрант - секогаш провокативен и доволно директен

Tweet
Like 0 Share

28 февруари 2013 - 16:18

Љубителите на ликовната уметност вечерва (19 часот) во Музејот на современа уметност ќе имаат можност да видат 128 дела на нашиот еминентен уметник Александар Станкоски, главно од циклусот "Тајната вечера" и "Нудизам"

Секогаш провокативен и директен, со свои дела, вечерва (19 часот), во Музејот на современа уметност во Скопје ќе се претстави нашиот еминентен уметник, Александар Станкоски, познат и по својот прекар Ацо Рембрант. Неговите 128 дела претставуваат пресек на тридецениското творештво кое започна со првата самостојна изложба во Домот на АРМ во 1980 година. Оттогаш до денес македонската и светската јавност имаше можност да се запознае со големиот ликовен опус на уметникот, во чиј фокус на интересот беа и перформансите, видеото, стрипот и филмот.

Ретроспективната изложба се реализира како придружен настан по повод монографијата која излезе од печат. Присутните ќе можат да видат дела од сите мои досегашни циклуси иако е акцентот ставен на циклусот Тајна вечераа и последниот Нудизам". Во моментот работам на некои нови идеи, се бавам со историјата на Македонија, но мојот интерес секогаш варира и се менува. И во новите дела експериментирам со стилови, но работам само на слики и цртежи. Овој пат, инсталациите се изоставени", ни открива авторот, учесник на Венециско биенале.




Од Министерството за култура на РМ велат дека монографијата на овој значаен претставник на современата македонска ликовна сцена претставува импозантно и високо естетско остварување во македонската ликовна дејност.



Во монографијата, која е поддржана во Годишната програма, се содржани релевантни поглавја низ кои е претставен опусот на Ацо Станкоски и може да се каже дека таа претставува едно од најуспешните остварувања во оваа област во нашата ликовна историја и теорија", велат од Министерството за култура.

Авторот на монографијата Владимир Величковски, пак, посочува дека Станкоски со целото творештво, од 80. години на 20. век до денес, пред луѓето распостила елементи на несекојдневна уметничка и човечка (авто) биографија.

Станкоски е познат е по често провокативен пристап во своето творештво, зачинето со иронија, притоа критички осврнувајќи се и кон настаните во стварноста, а третира прашања од религијата, сексуалноста и политиката.

Покрај познатите циклуси "Тајна вечера" и "Нудизам", познати се и портретите на Станкоски, како и сликите од циклусот "Хитлер". Неговите изложби, пак, се секогаш атрактивни за посетителите токму поради актуелните и провокативни теми обработени во неговите дела. ***(Д.Т.)***

**Станкоски премногу провокативен за Малта**
Во јули 2010, на Меѓународниот фестивал на современи уметности на островот Гозо, Малта, две дела на Станкоски биле отстранети од изложбата поради обвинувања за порнографија, што предизвикало локалната организација Фронт против цензура да организира протест насловен како Погребен марш на уметноста...

За провокативноста зборува и настанот од април 2006, кога тој ја отворил групната изложба Континентален појадок" со перформансот 5 кг семки" во кој тој на посетителите им делел фишеци семки завиткани во европскиот устав и Рамковниот договор.



Like Share Sign Up to see what your friends like.

## Поврзани



[Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа]